ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Бр.12-301/6**

**Дата, 12.04.2010 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КУМАНОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации (930) на Општина Куманово за 2008 година, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена е ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на сметката за Наменски дотации (930) на Општина Куманово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Зоран Дамјановски, Градоначалник на Општина Куманово во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 08.02.2010 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации (930) на Општина Куманово на ден 31 декември 2008 година има неискористени средства од корисниците на наменските дотации во износ од 4.245 илјади денари. Во однос на вкупниот промет на сметката овие средства учествуваат со помалку од 1%. Овие средства се планирани во буџетот за наредната фискална година.
Ваквиот начин на работа може да се подобри, а корисниците на средства да добиваат средства кои целосно ќе ги искористат за исполнување на своите права и обврски, ако распределбата на наменските средства за корисниците општината ја изврши врз основа на утврдени пишани критериуми.

**Препорака:**
Одговорното лице на општината да донесе акт со утврдени критериуми за распределба на средствата од сметката за наменски дотации, а средствата да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани, согласно финансиските планови на корисниците на тие средства.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката за наменски дотации (930) под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиките извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

Скопје, 09.04.2010 година　　　　　　　　Овластен државен ревизор

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**Сметка за наменски дотации на Општина Куманово**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 625.431 | 206.481 |
| **Вкупно приходи** | | **625.431** | **206.481** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 509.748 | 132.746 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 107.263 | 71.087 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 254 | 100 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **617.265** | **203.933** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **3.921** | **625** |
| **Вкупно расходи** | | **621.186** | **204.558** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **4.245** | **1.923** |

**Сметка за наменски дотации на Општина Куманово**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2008 ГОДИНА**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 ден. |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2008** | | **2007** |
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 4.245 | | 1.923 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.245** | | **1.923** |
| **Вкупна актива** | | **4.245** | | **1.923** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 4.245 | | 1.923 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **4.245** | | **1.923** |
| **Вкупна пасива** | | **4.245** | | **1.923** |